**Прилог број 3**

**Одговор**

**на Забелешки и Известување на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Градоначалникот на Општина Чаир на ден 30.01.2015 година достави Забелешки и Известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, број 09-209/1 и 09-209/2 од 28.01.2015, заведени во Државниот завод за ревизија, под број 15-214/1.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките и Известувањето по Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точка 2.1.1. алинеја 3** од Нацрт извештајот, која се однесува на недонесени процедури за дел од активностите и процесите, во секторите и одделенијата од различните области на делување на општината, **не се прифаќа**, поради тоа што согласно Стандард 12 – процедури, општината како субјект од јавен сектор, има обврска да обезбеди соодветна документација за операциите за секоја активност и/или значаен настан во рамките на секој сектор/одделение, преку утврдена пишана процедура за текот на движење на документацијата за секое ниво на одговорност, како и да го следи нивното спроведување.

2. Во врска со констатацијата во **точката 2.1.1.алинеја 6** за неизготвен План за ФУК, доставено е известување со кое субјектот известува дека во периодот на забелешки по Нацрт извештај, градоначалникот донел Решение број 09-173 од 22.01.2015 година за формирање на работна група за изготвување на План за воспоставување на ФУК. Оваа состојба е обелоденета во Конечниот извештај.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точка 2.1.1. алинеја 10** од Нацрт извештајот, која се однесува на лице за неправилности кое не е назначено согласно ЗЈВФК и Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите, **се прифаќа**, од причина што субјектот во прилог на забелешките достави Решение за назначување на

лице за неправилности, број 08-1577 од 21.10.2010 година, кој што акт не беше доставен во текот на ревизијата. Истото е соодветно обелоденето во Конечниот извештај.

4. На констатацијата во **точка 2.1.3. алинеја 5** од Нацрт извештајот која се однесува дека работите на благајник ги извршува лице без овластување од градоначалникот кое во исто време води сметководствена евиденција доставено е известување дека во периодот на забелешки по Нацрт извештај градоначалникот донел Решение број 08-202 од 28.01.2015 со кое овластува друго лице за вршење на работите на благајник. Оваа состојба е соодветно обелоденета во Конечниот извештај.

5. На констатацијата во **точка 2.1.3.алинеја 8** од Нацрт извештајот која се однесува дека во Општина Чаир не се врши ex-post контрола, доставено е известување дека во периодот на забелешки по Нацрт извештај градоначалникот донел Решение број 08-203 од 28.01.2015 со кое овластува лице за вршење на ex-post контрола. Оваа состојба е соодветно обелоденета во Конечниот извештај.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точка 2.1.3. алинеја 11** од Нацрт извештајот, која се однесува на недонесена Стратегија за развој на ИТ системот за општината, **се прифаќа**, од причина што субјектот во прилог на забелешките достави Стратегија за развој на ИКТ на Општина Чаир за период од 2012 до 2015, заведен под број 08-231/3 од 30.04.2012 година, кој што акт не беше доставен во текот на ревизијата. Оваа состојба е соодветно обелоденета во Конечниот извештај.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точка 2.1.3. алинеја 12** од Нацрт извештајот, која се однесува на невоспоставен централизиран информационен систем во општината, **се прифаќа**, од причина што во Општина Чаир има инсталиран централизиран систем кој гарантира безбеден и авторизиран пристап на корисниците до ресурсите во ИТ системот, за што субјектот во прилог на забелешките достави доказ за воспоставен централизиран информационен систем (слика од print screen), кој што не беше презентиран во текот на ревизијата. Оваа состојба е соодветно обелоденета во Конечниот извештај.

8. Забелешката на констатацијата во **точка 2.1.5. алинеја 1** од Нацрт извештајот, која се однесува на непреземени мерки и активности за постапување по дадените препораки од извршените ревизии од ДЗР, **не се прифаќа**, поради тоа што со извршената проверка на спроведувањето на препораките по конечните извештаи на ДЗР од извршената финансиска ревизија за трите сметки за 2009 година, се констатира дека најголем дел од препораките не се спроведени.

9. На констатацијата во **точката 2.2.1.2. алинеја 5** од Нацрт извештајот која се однесува дека не се врши верификација од страна на одговорните лица кои се задолжени за проверка и контрола на документацијата доставено е известување дека во 2015 година се преземени мерки за надминување на оваа состојба, истото **не се прифаќа,** од причина што не се доставени докази од кои може да се потврди дека се преземени мерки за надминување на констатираните состојби..

10. Забелешката на констатираната состојба во **точка 2.2.1.2 алинеја 6** од Нацрт извештајот, која се однесува на некомплетна документација за набавка на стоки, услуги или работи во сметководствената евиденција, **не се прифаќа**, од причина што со извршениот увид во финансиската документација на избран примерок за одделни набавки на стоки, услуги или работи, се констатира дека не е приложена потребната пропратна документација, како што се: писмени нарачки, требовања, испратници, приемници, налог за отпочнување со вршење на услугата, налог за воведување во работа кај градежните работи, градежен дневник, градежна книга, писмен извештај на изведувачот за извршена работа, завршен извештај од овластен надзор, записник за технички преглед и примопредавање на објект.

11. Забелешката на констатираната состојба во **точка 2.2.1.2 алинеја 7** од Нацрт извештајот, која се однесува на тоа што за дел од набавките на работи се доставени градежни дневници и градежни книги, кои не се пополнети и не ги содржат податоците согласно законските прописи, **не се прифаќа**, од причина што градежните дневници и градежните книги од избраниот примерок, не ги содржат податоците согласно законските прописи.

12. На констатацијата од **точка 2.2.1.2. алинеја 9** од Нацрт извештајот која се однесува на реализацијата на договорите за јавни набавки, доставено е известување дека во периодот на Забелешки по Нацрт извештај, градоначалникот со Решение бр. 08-1977 од 30.12.2014 година има назначено

лице за следење на договорите по спроведените постапки за јавни набавки. Истото е обелоденето во Конечниот извештај.

13. Забелешката на констатираната состојба во **точка 2.2.2. алинеја 4** од Нацрт извештајот, која се однесува на неозначени основни средства со инвентарни броеви, **не се прифаќа**, од причина што, обележувањето на основните средства со инвентарни броеви ќе се провери со наредна ревизија.

14. На констатацијата на **точката 2.2.2. алинеја 12** која се однесува на применетите стапки на амортизација на опремата кои не се во рамки на пропишаните со Правилникот, доставено е известување дека за 2014 година се применети пропишаните стапки истото **не се прифаќа,** од причина што примената на стапките за амортизација ќе се провери со наредна ревизија.